РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОСНОВЕН СУД КИЧЕВО
СУ04.бр.115 /20-8
25.01.2021 год.
КИЧЕВО

Претседателот на Основен суд Кичево Амдије Зенку, врз основа на чл.43 ст.1 од Законот за судска служба (Сл.весник бр.43/14) по спроведената постапка по Интерен оглас бр.1/20, за унапредување на судски службеник, за работно место Советник- информатичар, 1 (еден) извршител, по доставениот Предлог-одлука за избор на кандидат за унапредување СУ-04.бр.115/20-6 од 22.01.2021 година, на ден 25.01.2021 година, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

За работно место Советник-информатичар, категорија В, ниво В1, 1 (еден) извршител, **се избира кандидатот:**

**Дејан Личоски**

По конечноста на одлуката, за избраниот кандидат ќе се донесе решение за унапредување и плата.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на Основен суд Кичево на веб страната на судот на ден 24.12.2020 год. објавен е Интерен оглас бр.1/20, за унапредување на судски службеник, за работно место Советник-информатичар, 1 (еден) извршител.

Од страна на Комисијата за селекција за унапредување согласно чл.6 ст.4 од Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција во зависност од категоријата на работното место за кое е објавен интерниот оглас до Претседателот на судот доставена е Ранг листа и Предлог-одлука за избор на кандидат за унапредување СУ04.бр.115/20-6 од 22.01.2021 год.

Со Предлог-одлука за избор на кандидат за унапредување, Комисијата за селекција за унапредување го предложи кандидатот **Дејан Личоски** како единствен рангиран кандидат на ранг листата.

Претседателот на судот имајќи го во предвид Предлогот на Комисијата за селекција за унапредување за работното место Советник-информатичар, 1 (еден) извршител, категорија В, ниво В1, го избра кандидатот Дејан Личоски.

Поради наведеното, согласно чл.43 ст.1 од Законот за судска служба, следуваше да се одлучи како во изреката на одлуката.

Претседател на судот,
Амдије Зенку

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука дозволена е жалба до Советот на судска служба.

Д-но: Дејан Личоски